# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 27 мај 1970
Скопје
Број 14 Год. XXVI

Претплатата за 1970 година изнесува 100 динари. Овој број чини 2 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16

**96.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за распишување заем за зголемување на запосленоста („Службен весник на СРМ“ бр. 26/69), Извршниот совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ ОД ЗАПИШУВАЧИ НА ЗАЕМОТ НАДВОР ОД РЕПУБЛИКАТА И СРЕДСТВАТА СО КОИ УЧЕСТВУВА БАНКАТА

1. Средствата од заемот остварени од запишувачи на заемот надвор од територијата на Републиката, како и средствата со кои Банката ќе учествува во кредитирањето на инвестиционите вложувања за намените од член 2 на Законот за распишување заем за зголемување на запосленоста (дополнителни средства), чија висина до донесувањето на оваа одлука изнесува 60.000.000 динари, се распределуваат на општините во следните износи:

| Општина | Износ |
|---|---|
| 1. Берово | 1,060.000 |
| 2. Битола | 7.460.000 |
| 3. Брод | 1.360.000 |
| 4. Валандово | 360.000 |
| 5. Виница | 1,420.000 |
| 6. Гевгелија | 700.000 |
| 7. Гостивар | 1,280.000 |
| 8. Дебар | 980.000 |
| 9. Делчево | 1,280.000 |
| 10. Демир Хисар | 1,280.000 |
| 11. Кавадарци | 1,860.000 |
| 12. Кичево | 3,360.000 |
| 13. Кочани | 2,240.000 |
| 14. Кратово | 840.000 |
| 15. Крива Паланка | 1,160.000 |
| 16. Крушево | 1,220.000 |
| 17. Куманово | 5,400.000 |
| 18. Неготино | 680.000 |
| 19. Охрид | 2,120.000 |
| 20. Прилеп | 8,160.000 |
| 21. Пробиштип | 440.000 |
| 22. Радовиш | 520.000 |
| 23. Ресен | 1,020.000 |
| 24. Свети Николе | 800.000 |
| 25. Струмица | 3,680.000 |
| 26. Струга | 1,360.000 |
| 27. Тетово | 3,160.000 |
| 28. Титов Велес | 2,500.000 |
| 29. Штип | 2,300.000 |

2. Дополнителните средства од претходната точка ќе се користат според критериумите и за намените утврдени со Уредбата за условите под кои ќе се одобруваат кредити од средствата на заемот за зголемување на запосленоста („Службен весник на СРМ“ бр. 39/69).

3. Ако во рок од една година општините не поднесат барања за користење на средствата распределени со оваа одлука, ќе се изврши, по предлог на Банката, нивна прераспределба.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1013/1
20 април 1970 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**97.**

Врз основа на член 11 став 2 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе („Службен весник на СРМ“ бр. 36/66), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

### РЕШЕНИЕ

за бришење од списокот на работни организации односно стручни служби кои исполнуваат услови за вршење стручна контрола на производството на семе, за утврдување на квалитетот на семето и за вршење анализа на семето.

1. Лозарското претпријатие „Лозар“ од Т. Велес, а сега Земјоделско-индустриски комбинат „Лозар“ Титов Велес, се брише од списокот на работни организации односно стручни служби кои исполнуваат услови за вршење стручна контрола на производството на семе, за утврдување квалитетот на семето и за вршење анализа на семето утврдени со решение број 07-784/1 од 10. IV. 1967 година („Службен весник на СРМ“ бр. 15/67).

2. Ова решение влегува во сила веднаш по донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски**, с. р.

**98.**

Врз основа на членот 35 став 1 точка 6 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), и соодветните одредби на договорите за социјално осигурување на лицата кои вршат самостојна дејност и член 24 точка 5 од Статутот на Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје, Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 13 мај 1970 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИОТ КОЕФИЦИЕНТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ УТВРДЕНИ СО ДОГОВОРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ШТО ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

I

На лицата што вршат самостојна дејност основиците на осигурување утврдени со договорите за социјално осигурување на тие лица за 1970 година се пресметуваат на нов износ со примена на валоризационен коефициент од 112.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-1181/1
13 мај 1970 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

---

**99.**

Врз основа на членот 104 став 3 од Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/65, 14/66, 1/67, 23/67 и 56/69), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 13 мај 1970 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УЧЕСТВО ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА-ИНВАЛИДИ НА ОСИГУРЕНИЦИ СМЕСТЕНИ ВО УСТАНОВИ ОД ИНТЕРНАТСКИ ТИП

I

Со оваа одлука се утврдува делот на трошоците за децата — инвалиди по член 104г од Законот за измени и дополненија на Основниот закон за инвалидското осигурување што ги поднесува Фондот на здравственото осигурување за деца сместени во установи од интернатски тип, како и делот на трошоците што ги поднесува лицето од кого детето — инвалид го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид како уживател на семејна пензија.

II

Делот на трошоците што ги поднесува лицето од кое детето — инвалид го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид уживател на семејна пензија, зависи од вкупниот приход на домаќинството

Во вкупниот приход на домаќинството не влегуваат инвалиднината за телесно оштетување, додатокот за помош и нега од друго лице според прописите од инвалидското осигурување, додатокот за деца што им припаѓа на некои членови од домаќинството, ниту другите примања на членовите на домаќинството за кои според посебни прописи е предвидено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

III

Во случаите од точка I лицето од кое детето — инвалид го изведува правото на рехабилитација поднесува од трошоците за сместување во височина од:

а) 50% од делот на приходите на домаќинството што отпаѓа на еден член ако приходите по член на домаќинството изнесуваат до 400,00 динари месечно;

б) 60% од делот на приходите на домаќинството што отпаѓа на еден член ако приходите по член на домаќинството изнесуваат од 400,01 до 800,00 динари месечно, и

в) 70% од делот на приходите на домаќинството што отпаѓа на еден член ако приходите по член на домаќинството изнесуваат над 800,00 динари месечно.

Остатокот на трошоците до полната цена на трошоците за сместување ги поднесува Фондот на здравственото осигурување на комуналната заедница кај која е здравствено осигурено лицето од кого детето — инвалид го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид уживател на семејна пензија.

IV

Ако остатокот на трошоците за сместување што во смисла на точка III став 2 од оваа одлука ги поднесува Фондот на здравственото осигурување, е помал од една десетина од вкупните трошоци за сместување, Фондот на здравственото осигурување поднесува една десетина од трошоците, а лицето од кое се изведува правото на рехабилитација остатокот на тие трошоци.

V

Како домаќинство, во смисла на точка II се сметаат сите членови кои со лицето од кого детето — инвалид го изведува правото на рехабилитација односно детето — инвалид уживател на семејна пензија, имаат заедница на живот, стопанисување и трошење на остварените приходи.

VI

Месечниот износ на личниот доход и другите примања по основа на работен однос се утврдува според износите што членовите на домаќинството ги примале во претходната календарска година.

Другите приходи што не се опфатени во претходниот став, се утврдуваат на ист начин како што е пропишано во членот 30 точка 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за финансирање определени форми на општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 3/68).

Ако еден од родителите на детето инвалид, за кое се бара учество во трошоците за неговото сместување, е на работа во странство кај странски работодавец, ќе се смета дека приходите по член на домаќинството го надминуваат износот од точка III под „в“.

VII

Се овластува Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје, сходно на одредбите од членот 104 став 3 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/65, 52/66, 12/67 и 54/67) за сметка на комуналните заедници на социјалното осигурување на работниците, со установите што вршат професионална рехабилитација односно образование и воспитување на деца со психофизички недостатоци да склучи спогодба за цената на услугите за професионална рехабилитација односно образование на децата, што се обезбедува во согласност со одредбите на членот 104 од Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/65, 14/66, 15/66, 1/67, 23/67 и 56/69).

VIII

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-1180/1
13 мај 1970 година
Скопје

Претседател,
**Мара Минанова,** с. р.

---

# Службени објави

### ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 9 став 3 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал, објавува дека во Регистарот на производители на саден материјал се запишани следните организации:

I. За овоштарство

— Овошен расадник „Цветан Димов" с. Горно Лисиче — Скопско. (Рег. број 9, страна 9, книга I, решение број 10-УП./I⁰ — 105 од 5. V. 1970 година);

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Прилеп" — Прилеп. (Рег. број 17, страна 17, книга I, решение број 10-УП/I⁰ — 93 од 5. V. 1970 година).

II. За лозарство

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Прилеп" — Прилеп. (Рег. број 12, страна 12. книга II, решение број 10-УП/I⁰ — 113, од 5. V. 1970 година).

III. За шумарство

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Прилеп" — Прилеп. (Рег. број 19, страна 19, книга III, решение број 10-УП/I⁰ — 97 од 29. IV. 1970 година).

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на доработувачи на семе е запишана следната организација:

— Земјоделско индустрискиот комбинат „Прилеп" — Прилеп, за доработка на семе од житни и фуражни култури. (Рег. број 41, страна 41, книга I, решение број 10-719 од 7. IV. 1970 година).

ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во регистарот на производители на семе е запишана следната организација:

— Земјоделскиот комбинат „Куманово" — Куманово, за производство на семе од останати стрни жита. (Рег. број 40, страна 40, книга I, решение број 10-УП/I⁰ — 114 од 5. V. 1970 година).

О Б Ј А В А
ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 11 став 2 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека од Регистарот на производители на семе се бришат следните организации:

— Земјоделскиот комбинат „Повардарие" — Неготино, за производство на семе од пченица, останати стрни жита, памук и фуражни култури. (Рег. број 9. страна 9, книга I, решение број 10-893 од 4. V. 1970 година);

— Земјоделското стопанство „Анска Река" — Валандово за производство на семе од индустриски култури. (Рег. број 26, страна 26, книга I, решение број 10-908 од 5. V. 1970 година);

— Земјоделската задруга „Новост" с. Владимирово — Беровско, за производство на семенски компир. (Рег. број 33, страна 33, книга I, решение број 10-903 од 5. V. 1970 година);

— Земјоделската задруга „Нова Македонија" с. Страцин — Кратовско, за производство на семе од пченица и фуражни култури. (Рег. број 36, страна 36, книга I, решение број 20-904 од 5. V. 1970 год.);

— Земјоделското стопанство „Душан Ќириќ" с. Росоман — Кавадарско, за производство на семе од пченица, останати стрни жита, индустриски култури — памук и градинарски култури. (Рег. број 48, страна 48, книга I, решение број 10-906 од 5. V. 1970 година);

— Агрокомбинатот „Малешевска слива" — Берово за производство на семенски компир. (Рег. бр. 40 страна 49, книга I, решение број 10-903 од 5. V. 1970 година).

ОБЈАВА ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 11, став 2 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека од Регистарот на доработувачи на семе се бришат следните организации:

— Земјоделскиот комбинат „Повардарие" — Неготино, за доработка на семе од житни и индустриски култури. (Рег. број 11, страна 11, книга I, решение број 10-720 од 7. IV. 1970 година);

— Земјоделското стопанство „Душан Ќириќ", с. Росоман — Кавадарско, за доработка на семе од житни култури. (Рег. број 39, страна 39, книга I, решение број 10-910 од 5. V. 1970 година);

— Агрокомбинатот „Малешевска слива" — Берово, за доработка на семенски компир. (Рег. број 40, страна 40, книга I, решение број 10-907 од 5. V. 1970 година).

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје се води постапка по правната работа на тужителот, Илија Борис Стојановски, од Ѓорче Петров, ул. „Маршал Тито" бр. 43, против тужената Стојановска, родена Кривокуќа Даринка од Ивањица, а сега со непозната адреса во Франција, за развод на брак, под П. бр. 585/70.

Се задолжува тужената Драгица Стојановска, родена Кривокуќа, во рок од 30 дена од објавувањето огласот, да ја достави својата точна адреса. Доколку во оставениот рок тужената не ја соопшти својата адреса, ќе ѝ биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 585 од 15. V. 1970 година. (38)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Џевка Џелилоска од село Велушина, поднесе во овој суд тужба за развод на брак, против Садем Џелилоски, од село Велушина, а сега со непознато место на живеење. Се поканува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник.

Во противно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 243/70. (37)

## ЛИКВИДАЦИЈА

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 63, страна 3, книга II е запишано следното: Земјоделската задруга „Слога" — Гевгелија, со решението бр. 01-2604/1 од 29. IX. 1969 година на Собранието на општината Гевгелија е ставена под редовна ликвидација.

Со решението бр. 01-2604/2 од 23. X. 1969 година на Собранието на општината Гевгелија — Ликвида-

циона комисија за ликвидатор на Земјоделската задруга „Слога" — Гевгелија е назначен Стојче Јованов, кој ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 5. XII. 1969 година.

На досегашниот потписник Љупчо Делев, присилен управник, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1116/69 од 27. IV. 1970 година. (836)

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 123, страна 714, книга I е запишано следното: Дејноста на Лозаро-винарското училиште „Тошо Велков Пепето" — Кавадарци, согласно со одлуката бр. 136 од 20. III. 1969 година, на советот на работната заедница, од одржаната седница на 26. V. 1968 година, и решението бр. 01-2100/1 од 23. I. 1970 година, на Собранието на општината Кавадарци се проширува и со подготвување квалификувани работници и мелиоративни техничари на подрачјето на хидросистемите и квалификувани работници и техничари во лозарството.

Со проширувањето на дејноста се менува и фирмата и гласи: Мелиоративно лозарско училиште „Тошо Велков — Пепето" — Кавадарци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 13/70 од 31. III. 1970 година. (503)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 642, страна 695, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник в. д. директор на Централното основно училиште „Мирче Ацев" — Ѓорче Петров, Милачко Димитар Најденов, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За директор на Централното основно училиште „Мирче Ацев" — Ѓорче Петров е назначен Петресски Димче, кој училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Чоневска Круниислава, режисер на училиштето, сметано од 24. X. 1969 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 122/69 од 1970 година. (600)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 567 страна 335, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Маршал Тито" село Жеровјане, Тетовско, Сами Лимани, директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За нов директор на споменатото училиште е назначен Јусуфи Јусуф, кој нема да биде потписник.

Основното училиште „Маршал Тито" село Жировница, ќе го потпишува, задолжува и раздолжува стариот регистриран потписник Бакија Селими, секретар.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 105/69 од 27. III. 1970 година. (602)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 26. III. 1970 година, рег. бр. 4/70, е запишан под име: Центар за спроведување обука за одбрана и заштита „Лазо Филиповски — Лавски", со седиште во Прилеп. Предмет на работењето на центарот е:

— да изведува и спроведува обука за потребите на територијалната одбрана, како и основна и дополнителна обука за обврзниците вклучени во единиците за цивилна заштита на месните заедници, работните и други организации, специјализираните единици за цивилна заштита на Општината Прилеп, граѓаните и работниците кои не се вклучени во овие единици, согласно со утврдените програми и планови;

— да обезбедува услови за успешно спроведување на обуката и да се грижи тие услови постојано да е подобруваат, модернизираат и унапредуваат;

— да образува наставни кабинети (по служби и други специјалности) потоа, полигони и други објекти кои се нужни заради успешно спроведување на реализацијата на наставните планови и програми;

— обезбедување стручна библиотека, нагледни средства за изведување на наставата, разни помагала и други средства кои ја поуспешуваат и унапредуваат обуката во целина;

— развива мрежа на наставни пунктови на подрачјето на Општината Прилеп, со цел да ја приближи обуката до учесниците;

— води евиденција за обуката и по барање од надлежните органи на одбраната им доставува податоци во врска со спроведувањето на обуката;

— соработува со органи, организации и други заинтересирани институции и органи, како и поединци во поглед на унапредувањето на педагошкиот, методолошкиот, организациониот и друг аспект на наставниот процес, потоа формите и средствата кои се применуваат при спроведувањето на обуката и слично;

— врши и други работи кои произлегуваат од неговата задача, како и оние кои ги поставува и бара надлежниот орган за народна одбрана и органите на управување во центарот за обука, како и други повисоки органи и организации.

Центарот е основан од Собранието на општината Прилеп, со решението бр. 02-908/1 од 16. III. 1970 година.

Центарот ќе го потпишува Трајче Поповски, в. д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 20/70. (802)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 25. IV. 1969 година, рег. бр. 53/66 е запишано следното: Ветеринарното училиште „29 ноември" од Битола, престана со својата работа и се брише од регистарот на установите, кој го води овој суд.

Оваа промена е извршена врз основа на решението бр. 5867/5 од 28. III. 1969 година, од Постојаната ликвидациона комисија на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 18/69. (504)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 28. X. 1969 година, рег. бр. 5/69, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Лаброски Атанас, в. д. директор на Заштитната работилница „Полет" од Охрид.

Досегашниот в. д. директор Лаброски Атанас се менува. За в. д. директор е поставен Рувинов Спиро.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 44/69. (1450)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 15. IX. 1969 година, рег. бр. 137/65, е запишано следното:

Му престанува овластувањето за потпишување на Даворка Крстеска и Никола Багевски на Фармацевтската служба при Медицинскиот центар во Прилеп.

Се овластува м-р Љубен Грабуловски, началник на фармацевтската служба и Борис Јамаковски, да ја потпишуваат фармацевтската служба.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 34/69. (1347)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 11. IX. 1969 година, рег. бр. 137/65, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Никола Багески — директор на Медицинскиот центар во Прилеп.

Се овластува д-р Борис Јамакоски, вршител на должноста — директор, и досегашниот потписник Благоја Кајцаноски, шеф на сметководството, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 32/69. (1346)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 11. IX. 1969 година, рег. бр. 137/65 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Милан Гавриловски, в. д. директор и Даме Дамески на Медицинскиот центар во Прилеп.

Се овластуваат Никола Багески директор, и Благоја Кајцаноски, шеф на сметководството, да ја потпишуваат установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 31/69. (1345)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 12. VI. 1969 година, рег. бр. 80/65 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Милан Ристески, управник, на Историскиот архив во Прилеп.

Се овластува Јордановска Фиданка, работник, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 23/69. (772)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 29. I. 1969 година, рег. бр. 73/66, е запишано следното: Му престанува овластувањето на Илиоски Милош, директор на Централното основно училиште „Петре Глигуроски" од село Костинци Прилепско.

Се овластува Аврамоски Алекса Јован — директор, да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 5/69. (341)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег .бр. 607, страна 531, книга III е запишано следното: Откупната станица во село Злокуќани во месноста „Момин поток" на Заштитната работилница за професионална рехабилитација и запослување на инвалиди „Нов дом" — Штип, под присилна управа, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, Атанас Кипровски, комерцијален технички директор на Заштитната работилница, сметано од 13. VI. 1969 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 78 од 5. VIII. 1969 година. (829)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 579, страна 391, книга III е запишано следното: Фирмата на Новинско-издавачката установа редакција „Заштита" — Скопје, согласно со одлуката бр. 137 од 31. V. 1969 година, на Сојузот на трудовите инвалиди на Македонија — Републички одбор Скопје се менува и гласи: Новинско-издавачка установа „Заштита" — Скопје.

Со горецитираната одлука и дејноста на споменатата установа се проширува, и тоа основната и со дополнителната дејност како што следува:

Основната дејност да ѝ биде новинско-издавачка и печатарска; издавање и печатење на весникот „Застава" — орган на Сојузот на трудовите инвалиди на Македонија; издавање и печатење книги и брошури и стручно-популарни изданија од сите области и гранки на заштитата на трудот, инвалидската, здравствената и социјалната заштита социјалното осигурување, стопанството, како и други посебни публикации и единици; издавање и печатење на весници, списанија, билтени и сл., потоа издавање книги и брошури, како и вршење разни видови печатарски услуги на сите заинтересирани; издавање и печатење на обрасци за книговодствено комерцијално работење на работните организации; организира изложби и други погодни манифестации на заинтересираните организации и установи и врши пропаганда преку издавање проспекти, календари, адресари и други погодни форми; врши продажба на сите сопствени изданија и другиот пропаганден материјал.

Дополнителната дејност ќе се состои во вршење продажба на големо и мало, во транзит, консигнација и комисиона продажба на сите видови книжна конфекција, преработки од тутун и прибор за пушење, поштенски, таксени, судски марки и други вредносници, училишен прибор, опрема за училишта, учебници и учебни помагала, машини за пишување, сметање, умножување и на сите видови книжаро-канцелариски и графички материјали и стоки.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 106 од 27. X. 1969 година. (1408)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. X. 1969 година, рег. бр. 3/57, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Димитриевски Борис, досегашен директор, на Земјоделската задруга „Црна Река", село Брод.

Се овластува Петровски Ѓорѓи, директор, покрај досегашниот потписник Ристевски Цветан да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 422/69. (1470)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. X. 1969 година, рег. бр. 17/66, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Милан Волчевски, досегашен директор на Градежната занаетчиска задруга „Монтер" од Битола.

Се овластува лицето Видосав Бошевски, в. д. директор, за потписник на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 418/69. (1468)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. X. 1969 година, рег. бр. 146/55, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата број 8 во Струга на Индустријата за текстилна, кожна и крзнена конфекција „Иднина" од Битола, Исан Вишко, е разрешен од должност. На негово место за раководител е поставен Гаваз Максут.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 419/69. (1466)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. IX. 1969 година, рег. бр. 33/68, книга I е запишано следното: Продавницата во село Слепче, Демир Хисар на Трговското претпријатие „Моша Пијаде" од Скопје, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го

метален намештај и жичани производи „Радулашка“ од Нови Београд, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 1695 од 28. III. 1969 година на работничкиот совет на Фабриката за метален намештај и жичани производи „Радулашка“ од Нови Београд.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 133/69. (486)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. II. 1969 година, рег. бр. 6/59, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Лазаревски Ѓорѓи, в. д. раководител на Самостојниот занаетчиски берберски дуќан „Пелистер“ од Битола.

Се овластува Милошевски Тодор Михајло, раководител да го потпишува берберскиот дуќан.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 63/69. (423)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. II. 1969 година, рег. бр. 40/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Деловната единица во Битола, на Земјоделската задруга „Светлост“ од село Породин, уште со вршење промет на големо со стоката која ја има регистрирано деловната единица.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на задружниот совет на Земјоделската задруга „Светлост“ од село Породин од 31. XII. 1968 година и решението VI бр. 08-749 од 21. II. 1969 година на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 85/69. (412)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. II. 1969 година, рег. бр. 40/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделската задруга „Светлост“ од село Породин, уште со вршење промет на големо со стоката која ја има регистрирано задругата.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од задружниот совет на Земјоделската задруга „Светлост“ од село Породин од 31. XII. 1968 година и решението VI бр. 08-749 од 21. II. 1969 година на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 84/69. (411)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 31. I. 1969 година, рег. бр. 42/55, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Митревски В. Душан, книговодител, и Боримечковски Ристе, благајник на задругата. Досегашниот директор Димовски Симеон е разрешен од должноста директор. За директор е поставен Тодоровски Трајан Војче.

Се овластува лицето Тодоровски Трајан Војне, директор, да ја потпишува Земјоделската задруга „Победа“ од село Сопотница.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 42/69. (375)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. I. 1969 година, рег. бр. 21/56, книга II е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Јовановски Стојанов Митре, досегашен директор на Декор-молеро-фарбарското претпријатие „Украс“ од Битола.

Се овластува досегашниот потписник Христовски Глигур Целе, директор, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола Фи. бр. 7/69. (373)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 13. I. 1969 година, рег. бр. 32/60, книга I е запишано следното: Погонот пилана во Битола, на Шумско-индустрискиот комбинат „Кајмакчалан“ од Битола, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд.

Оваа промена е извршена врз основа на решението бр. 02-1423/1 од 30. XII. 1968 година на работничкиот совет на Шумско-индустрискиот комбинат „Кајмакчалан“ од Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 587/68. (369)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. XII. 1968 година, рег. бр. 9/61, книга I е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата, на ул. „15 мај“ бр. 21 во Битола, на Претпријатието за ремонт „Механика“ од Битола и гласи: Стовариште со продавница, на ул. „15 мај“ бр. 21 — Битола, на Претпријатието за ремонт и поправки на земјоделски машини и орадија „Механика“ од Битола.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работничкиот совет на Претпријатието „Механика“ од Битола од 27. XI. 1968 година и решението бр. 08-33/225 од 4. XII. 1968 година на Пазарната инспекција.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 554/68. (307)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. XII. 1968 година, страна 140, реден број 2 е запишано бришењето на Продавницата на Текстилната конфекција „Пелистер“ Ресен од Берово.

Престанокот на Продавницата „Пелистер“ од Берово, е запишан во регистарот врз основа на решението бр. 01-2103 од 2. XI. 1968 година на Собранието на општината Ресен.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 591/68. (133)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. XI. 1968 година, рег. бр. 36/68, книга I е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата број 5 „Шевро“ — Битола на Трговското претпријатие за промет со кожи и гума „Шевро“ од Ниш и гласи: „Шевро“ — Продавница во Битола, ул. „Скопска“ бр. 22—24, на Општото трговско претпријатие на големо и мало „Србија-промет“ од Ниш.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 504/68. (103)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. XI. 1968 година, рег. бр. 81/55, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Нове Бошевски, досегашен потписник на Земјоделската задруга „Нова Македонија“ од село Путурус, Битолско.

Се овластува Симоновски Веле, земјоделски техничар, и Спасе Трајковски, книговодител, да ја потпишуваат задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 525/68. (96)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 6. XI. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга IV е запишано следното: Продавницата број 4 во Битола, на Конфекциското претпријатие „Пелистер“ од Ресен, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд.

пишана промената на досегашниот директор на Фабриката за чадори „Винка" од Виница, Кочанско, односно в. д. директор Андраш Лајаш Шољмоши. За директор е именуван Јаким Павловски.

Промената на в. д. директорот на Фабриката е запишана во регистарот, врз основа на одлуката бр. 3/5 од 6. III. 1969 година на работничкиот совет на истата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 122/69. (1077)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 959, страна 1255, книга V е запишано следното: Фирмата на Откупната станица за откуп на лековити растенија и земјоделски производи „Алкалоид билка" — Куманово на Индустријата за фармацевтско-хемиски производи и лековити растенија — Скопје се менува и гласи: „Алкалоид" — индустрија за фармацевтски, хемиски производи и лековити билки — Скопје — Откупна станица за откуп на лековити билки и земјоделски производи „Алкалоид билка" — Куманово, согласно со одлуката на работничкиот совет.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 855/68 од 19. VIII. 1969 година. (999)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 315, страна 817, книга II е запишано следното: Дејноста на Универзалната занаетчиска работна организација „Тиквешанка" — Кавадарци, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 19. VIII. 1968 година и одлуката од 29. VIII. 1968 година, како и елаборатот за економска оправданост, се проширува и со трговија на мало со прехранбени артикли и предмети на куќни потреби (колонијални стоки); зеленчук, овошје и преработки; железарска и метална стока и стакларско-порцелански и керамички производи; бои, лакови, хемикалии и прибор; текстил, текстилна галантерија, куса и плетена стока и конфекција, мешани индустриски стоки; продажба на мало на канцелариски и школски материјали и прибор, литература, учебници, нагледни средства, формулари, музички инструменти и прибор, учила и учебни помагала, фотографски апарати и фото-материјали, мерни инструменти, прибор за цртање, машини за пишување и сметање.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 961/68 од 13. VI. 1969 година. (878)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, на страна 613, книга II е запишано следното: Досегашниот присилен управник на Шумско-индустрискиот комбинат „Страшо Пинџур" — Кавадарци, Тодор Грозданов, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

Присилната управа над Шумско-индустрискиот комбинат „Страшо Пинџур" — Кавадарци, ќе ја врши одборот за присилна управа, назначен со решението број 01-6721 од 3. XII. 1968 година на Собранието на општината Кавадарци во состав: Ѓорѓи Попов, дипломиран шум. инженер од Скопје, присилен управник како претседател на одборот за присилна управа; Бошко Костовски, дипломиран шумарски инженер од Скопје и член на одборот за присилна управа.

Шумско-индустрискиот комбинат под присилна управа ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Ѓорѓи Попов, инженер, претседател на одборот за присилна управа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1287/68 од 20. V. 1969 година. (681)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. XI. 1968 година, страна 254, реден број 2 е запишан престанокот на Продавницата на Текстилната конфекција „Пелистер" — Ресен, од Кочани.

Престанувањето на Продавницата со работа е запишано во регистарот врз основа на решението број 01-4361/1 од 20. X. 1968 година на Собранието на општината Ресен.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 502/68. (193)

---

